**Епизода 6**

**„Медиумска писменост 101“: Како да се заштитите од дезинформации  во онлајн светот"**

***Најавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Добредојдовте назад  во „Медиумска писменост 101," радио-програма чија цел е да ги едуцира и оспособи слушателите како да се движат низ медиумскиот простор на критички и информиран начин.

**ВОДИТЕЛ:** Во денешната епизода, ќе се фокусираме на начинот на заштита од дезинформации во онлајн светот.

***Звук 1: Дефиниција на поимот дезинформација***

**ВОДИТЕЛ :** Во претходната епизода го дефиниравме поимот дезинформација, која е лажна или погрешна и неточна информација, која се шири намерно со цел да измами и наведе други луѓе. Може да биде во повеќе форми, како на пример „hoaxes“, теории на заговор и пропаганда.

***Звук 2: Видови на дезинформации***

**ВОДИТЕЛ:** Постојат повеќе видови на дезинформации:

- **„Hoax“**, кој го дефиниравме во претходната епизода, е лажна информација која се шири со намера и цел да ги измами луѓето.
- **Теории на заговор** се лажни и  недокажани тврдења за тајни, честопати злобни заговори.
- **Пропаганда**  е збир на информации кои се шират со цел да се влијае врз начинот на размислување и постапките на другите лица на одреден начин.

***Звук 3: Како да се заштите  себеси од дезинформации***

**ВОДИТЕЛ:** Онлајн светот може да изгледа навистина застрашувачка околина, особено како што староеме и се помалку и помалку  ни се познати новите  напредни технологии. Навистина може да изгледа речиси невозможно да бидете параноични за секоја објава која ја сретнувате, но постојат навистина позитивни аспекти од таквото однесување во онлајн светот, така што е многу подобро навремено да се информираме за ризиците и да се заштитиме пред да бидеме измамени или изманипулирани.

Во минатата епизода, ви презентиравме повеќе начини како да се заштитите себеси од онлајн злоупотреба. Сега ќе ви претставиме повеќе начини за препознавање на дезинформации и заштита од дезинформации:

Направете ги приватни профилите на социјалните медиуми и единствено прифаќајте понуди за пријателство од луѓе кои навистина ги познавате во реалниот живот. Доколку се сомневате, прввин проверете го профилот на личноста која ви испратила понуда за пријателство и доколку таа личност има малку следбеници/пријатели на социјалната мрежа и само неколку фотографии од личноста во нормални секојдневни животни ситуации, веројатно станува збор за лажни профили. НЕ, згодниот капетан кој има приватна јахта и ви испрати порака дека вие сте неговата сродна душа не е реален! Пред да споделите некоја објава, прво информирајте се повеќе околу изворот на постот и прочитајте ја целата содржина, не само насловот.

- Откога ќе прочитате одреден пост, проверете како се чувствувате. Повеќето лажни вести и објави се обидуваат да создадат паника или страв кај читачот на информацијата.
- Многу лица кои сакаат да ве измамат или да ве манипулираат можат да се обидат да ве придобијат или да си поигруваат со вашите емоции за да ве натераат да преземете нешто во онлајн светот.
- Секогаш имајте доза на сомнеж за информации кои ги потврдуваат вашите претходни мислења и ставови за некого или нешто.
- Користете извори и линкови кои имаат добра репутација  и кои точно ја прикажуваат информацијата, како што се: *org, .gov* или *.edu websites.*
- Проверете го авторот на објавата и неговото искуство во областа за која постира.
- Внимавајте кога кликнувате на линкови и објави кои користат намерно провокативен речник.
- Бидете внимателни со информациите кои се споделувани од голем број профили, посебно од профили кои немаат доволно следбеници или се релативно нови на социјалните медиуми.
- Немојте да ги „храните троловите“.  **Trolls - тролови**  се луѓе кои даваат лажни или неосновани коментари со цел поттикнување гнев, навреди и расправии.Можете да ги пронајдете во секцијата за коментари, чет-соби, форуми и постови и нивната цел е намерно провоцирање на читачите и предизвикување негативни реакции.  Доколку одговарате на нивните коментари, само ја влошувате ситуацијата и  можете и самите да станете мета на „тролање“.
- Доколку се сомневате во точноста на одредена објава или било каков пост, немојте да го

споделувате или да го лајкнувате. Бидете внимателни со она што го споделувате. Имајте го на ум стресот, стравот и анксиозноста кои можете да ги предизвикате кај други лица со самото споделување на информацијата за која не сте сигурни дали е точна или не.

- Не двоумете се да консултирате експерт. Доколку се двоумите во точноста на одредена информација, прашајте некого, како на пример библиотекар кој работи во локалната библиотека или некој кој има доволно познавање од областа која ве интересира, со цел да ја проверите информацијата во која се сомневате.

***Звук 5: Гостин-говорник***
Дозволете да ве запознаам со  ........... кој/а ќе зборува за неговото онлајн искуство.

***Звук 6: Заклучок***

**ВОДИТЕЛ:** Во нашата следна епизода ќе се фокусираме на медиумската писменост и граѓанското учество.

**ВОДИТЕЛ:** Приклучете се наредната недела во  втората епизода од „Медиумска писменост 101."Во меѓувреме, не заборавајте да го проверите нашиот вебсајт за повеќе информации и корисни линкови и извори поврзани со медиумската писменост.

***Одјавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Ви благодариме што се приклучивте во нашата емисија  „Медиумска  писменост 101." До следно видување, останете информирани, љубопитни и медиумски писмени.

***Завршна музика***